НСДП

НОВА СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА

# ЕТИЧКИ КОДЕКС

**на Нова социјалдемократска партија (НСДП)**

**31.05.2026, Скопје**

## ПРЕАМБУЛА

Водејќи се од темелните вредности на социјалдемократијата – слободата, правдата, еднаквоста и солидарноста – како и од уставните принципи на демократско уредување и владеење на правото, и имајќи ја предвид одговорноста на политичките партии во градењето на праведно, инклузивно и демократско општество, НСДП согласно член 35 од Статутот го донесува овој Етички кодекс.

Раководејќи се од определбата за општество во кое секој поединец е носител на достоинство и права, НСДП го поставува човекот во центарот на своето политичко делување. Во таа насока, посебно внимание се посветува на унапредување и заштита на правата на работниците, ранливите, социјално загрозените и маргинализираните групи, како израз на социјалната правда и солидарноста.

НСДП е определена за доследна и принципиелна борба против корупцијата, злоупотребата на функцијата и судирот на интереси, како и за воспоставување и унапредување на систем на финансиска транспарентност, отчетност и одговорно управување со јавните ресурси, како предуслов за градење доверба на граѓаните во институциите и политичките субјекти.

Политичкото делување на членовите и функционерите на НСДП се темели на принципите на законитост, чесност, интегритет, одговорност, транспарентност и доследно почитување на јавниот интерес, како и на унапредување на демократијата, владеењето на правото и човековите права.

Со донесувањето на овој кодекс се воспоставуваат јасни, применливи и обврзувачки стандарди на етичко однесување, како и основи за нивно доследно спроведување, со цел заштита на угледот на партијата, зајакнување на довербата на граѓаните и унапредување на политичката култура.

Водени од принципите содржани во мотото: „СИЛНО И ЧЕСНО“, членовите и функционерите на НСДП се обврзуваат своето делување да го насочат кон остварување на јавниот интерес и градење на праведно, еднакво и солидарно општество.

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Овој Етички кодекс ги утврдува принципите и правилата на етичко однесување на членовите, носителите на партиските функции и избраните и именувани претставници на НСДП.

### Член 2

Целта на кодексот е:
- воспоставување високи етички стандарди во политичкото делување;
- заштита на угледот и интегритетот на партијата;
- зајакнување на довербата на граѓаните во политичките институции;
- обезбедување отчетност и одговорност на носителите на функции.

### Член 3

(1) Одредбите од овој кодекс се однесуваат на сите членови, функционери и избрани и именувани претставници од редовите на НСДП.

(2) Во смисла на овој кодекс:

„Судир на интереси“ е состојба во која приватен интерес може да влијае врз непристрасното вршење на функцијата;

„Говор на омраза“ е секој облик на изразување што поттикнува дискриминација, омраза или насилство;

„Дезинформации“ се неточни или манипулативни информации што се шират со цел доведување во заблуда;

„Мобинг“ е секој облик на психолошко вознемирување;

„Јавен функционер“ е лице кое врши јавна или партиска функција.

## II. ОСНОВНИ ВРЕДНОСТИ

### Член 4

НСДП своето политичко делување го темели на принципите на:
- социјална правда;
- солидарност;
- еднаквост и недискриминација;
- демократско учество;
- владеење на правото;
- почитување на човековите права.

### Член 5

Членовите на НСДП се должни да придонесуваат за изградба на праведно, солидарно и демократско општество во кое се почитуваат правата и достоинството на сите граѓани.

## III. ИНТЕГРИТЕТ И БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈА

### Член 6

Членовите и функционерите на НСДП се должни да постапуваат чесно, одговорно и транспарентно.

### Член 7

Се забранува злоупотреба на партиска или јавна функција за лична корист.

### Член 8

(1) Функционерите се должни да избегнуваат судир на интереси и да постапуваат исклучиво во јавен интерес.

(2) Функционерите се должни да пријават постоење на судир на интереси во рок од 5 дена од неговото настанување.

(3) Во случај на судир на интереси, функционерот е должен да се изземе од одлучување.

(4) За постоење или непостоење на судир на интереси се поднесува писмена изјава.

### Член 9

НСДП има нулта толеранција кон корупцијата и сите облици на злоупотреба на функцијата.

### Член 10

(1)Секој член има право и обврска да пријави сомнеж за корупција или злоупотреба на функција.

(2) Се овозможува анонимно пријавување на сомнежи за корупција или злоупотреба.

(3) Се гарантира заштита на пријавувачите од било каква одмазда или притисок.

(4) Етичката комисија е должна да постапи по пријавата во рок од 30 дена.

## IV. ПОЛИТИЧКА КУЛТУРА И ЈАВЕН ГОВОР

### Член 11

Членовите на НСДП се должни во јавниот и политичкиот говор да користат достоинствен и одговорен јазик.

### Член 12

Се забранува говор на омраза, дискриминација, навреди и омаловажување.

**Член 13**

(1) Политичката критика треба да биде аргументирана, заснована на факти и насочена кон јавниот интерес.

(2) Политичката дебата меѓу членовите и со политичките опоненти теба да се води со почит, без лични дисквалификации, со цел унапредување на демократската култира и довербата на граѓаните.

## V. РОДОВА ЕДНАКВОСТ И ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

**Член 14**

НСДП активно се залага за родова еднаквост и еднакви можности во општеството и во рамки на партијата.

**Член 15**

Се забранува дискриминација врз основа на пол, етничка припадност, религија, возраст, социјален статус или било која друга лична карактеристика.

**Член 16**

(1) НСДП промовира еднакво учество на жените и мажите во политичкиот и јавниот живот.

(2) НСДП се стреми кон најмалку 40% застапеност на помалку застапениот пол во партиските органи и кандидатските листи.

## VI. ЗАСТАПУВАЊЕ И ОДГОВОРНОСТ КОН ГРАЃАНИТЕ

**Член 17**

Носителите на функции од редовите на НСДП се должни да ги застапуваат интересите на граѓаните.

**Член 18**

Се обврзуваат да бидат отчетни, транспарентни и да ја информираат јавноста за својата работа.

## VII. ОДГОВОРНО ВРШЕЊЕ НА ЈАВНИ ФУНКЦИИ

**Член 19**

Членовите на НСДП кои извршуваат јавни функции се должни својата работа да ја вршат професионално и совесно.

**Член 20**

Функционерите се лично одговорни за своето однесување и одлуките кои ги носат во извршувањето на јавните функции.

## VIII. УПРАВУВАЊЕ СО ЈАВНИ РЕСУРСИ

**Член 21**

Носителите на јавни функции се должни одговорно да управуваат со јавните ресурси, почитувајќи ги законите и другите прописи.

**Член 22**

Јавните средства со кои управуваат мора да се користат согласно закон, транспарентно и во интерес на граѓаните.

## IX. УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

**Член 23**

Членовите на НСДП на раководни позиции се должни да обезбедат професионално и правично управување со човечките ресурси.

**Член 24**

(1) Се забранува мобинг, политички притисок врз вработени и дискриминација.

(2) Се забранува непотизам и фаворизирање при вработување, именување или унапредување.

## X. ОДГОВОРНО КОРИСТЕЊЕ НА СОЦИЈАЛНИ МРЕЖИ

**Член 25**

Членовите и функционерите при користење на социјални мрежи се должни да го почитуваат угледот на партијата.

**Член 26**

(1) Се забранува ширење дезинформации, навреди или говор на омраза.

(2) Се забранува користење лажни профили за политичко влијание.

(3) Се забрануваат координирани кампањи за дискредитација.

(4) Членовите се должни да прават јасна разлика помеѓу лични ставови и официјални позиции.

## XI.ФИНАНСИСКА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

**Член 27**

(1) Финансирањето на партијата мора да биде законско и транспарентно.

(2) Се забранува примање средства од недозволени извори.

(3) Се обезбедува јавна отчетност за финансиското работење.

## XII. ВНАТРЕПАРТИСКА ДЕМОКРАТИЈА

### Член 28

НСДП го почитува принципот на внатрепартиска демократија.

### Член 29

Секој член има право слободно да го изрази своето мислење во рамки на демократската дебата.

## XIII. ЕТИЧКА КОМИСИЈА

### Член 30

За следење на примената на овој кодекс и санкционирање на прекршувања се формира Етичка комисија на НСДП.

### Член 31

Централниот одбор на НСДП донесува одлука за формирање на Етичката комисија и Правилник за начинот на работа и постапување на комисијата.

### Член 32

Комисијата постапува по претставки за прекршување на кодексот, утврдува факти и предлага дисциплински мерки.

### Член 33

(1) Комисијата се состои од 5 (пет) членови избрани од Централниот одбор.

(2) При изборот на членовите на Комисијата се обезбедува соодветна и балансирана родова застапеност, при што ниту еден пол не може да биде застапен со помалку од 40% од вкупниот број членови.

(3) Составот на Комисијата треба да обезбеди разновидност во однос на професионалното искуство, стручноста и интегритетот на членовите, како и застапеност на различни генерации и општествени искуства.

(4) За членови на Комисијата може да бидат избрани лица кои:

-уживаат углед и доверба во партијата и јавноста;

-поседуваат висок личен и професионален интегритет;

-не се носители на извршни партиски или јавни функции;

-немаат утврдено прекршување на овој кодекс или други етички стандарди.

(5) При изборот на членовите се води сметка за независност и непристрасност во работењето на Комисијата.

**Член 34**

(1) Етичката комисија подготвува годишен извештај за својата работа.

(2) Извештајот се доставува до Централниот одбор и се објавува јавно на веб-страната на партијата

## XIV. ПОСТАПКА ПРЕД ЕТИЧКАТА КОМИСИЈА

**Член 35**

Постапката може да се покрене по претставка од член, иницијатива на партиски орган или по сопствена иницијатива на комисијата.

**Член 36**

(1) Постапката се покренува во рок од 15 дена од приемот на претставката.

(2) Комисијата е должна да донесе одлука во рок од 60 дена.

**Член 37**

(1) Против одлуката може да се поднесе жалба во рок од 8 дена.

(2) По жалбата одлучува надлежен партиски орган утврден со Статут.

**Член 38**

Лицето против кое се води постапката има право на правична и непристрасна постапка и право на одбрана.

## XV. САНКЦИИ

**Член 39**

За прекршување на кодексот може да се изречат мерки:

- опомена;
- јавна опомена;
- разрешување од партиска функција;
- дисциплинска постапка за престанок на членство согласно Статутот.

## XVI. ОБУКА И ПРЕВЕНЦИЈА

**Член 40**

(1) НСДП за членовите може да организира обуки за етичко однесување.

(2) Новоизбраните функционери се должни да посетат етичка обука.

## XVI. ИЗЈАВА ЗА ПОЧИТУВАЊЕ НА ЕТИЧКИОТ КОДЕКС

**Член 41**

Секој член на НСДП кој е избран или именуван на партиска или јавна функција е должен да го почитува Етичкиот кодекс.

**Член 42**

При избор или именување на функција, функционерите потпишуваат Изјава за почитување на Етичкиот кодекс.

**Член 43**

Со потпишувањето на изјавата, носителот на функцијата се обврзува да постапува во согласност со принципите на чесност, одговорност и јавен интерес.

**Член 44**

Непочитувањето на кодексот претставува основ за поведување постапка пред Етичката комисија и изрекување мерки согласно кодексот и Статутот.

## XVII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 45**

Сите членови и функционери на НСДП се должни да го почитуваат овој Етички кодекс.

**Член 46**

Овој кодекс стапува во сила со неговото донесување од страна на Конгресот, а измени и дополнувања донесува Централниот одбор на НСДП.

**31 мај 2026 година**
**Скопје**

**VII КОНГРЕС НА НСДП**
**Претседавач,**
**Горан Мисовски**